Арх. знак 0201
Рок на чување ______
______ 20 ___ год.
Потпис,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Центар за развој на СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 02-86/4
16.06 2021 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 23 став 1 од Закон за рамномерен регионален развој (сл.весник на РСМ бр. бр.24/2021), член 2 став 1 алинеја 12 и член 16 од Деловникот за работа на Советот за развој на Скопски плански регион, Советот за развој на Скопски плански регион на XXIV-та Седница одржана на ден 16.06.2021 година во Скопје, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за усвојување на Деловник за работа на Совет за развој на Скопски плански регион**

**член 1**
Со оваа Одлука се усвојува Деловникот за работа на Совет за развој на на Скопски плански регион солгасно членовите 23 став 1 Законот за рамномерен регионалрн развој (сл.весним на РСМ бр.24/2021).

**член 2**
Со донесување на овој Деловник престанува да важи Деловникот од 29.11.2007год.
.

**член 3**
Оваа Одлука влегува во сила осум дена од денот на нејзиното донесување.

Совет за развој на
Скопски плански регион,
Претседател,
Борис Георгиевски
______
(потпис)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Центар за развој на СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН
СКОПЈЕ

Врз основа на член 23 став 1 од Закон за рамномерен регионален развој (Службен весник на РСМ бр.24/2021), Совет за развој на Скопски плански регион, на својата седница одржана во Скопје на ден ---.---.2021 година, донесен

**ДЕЛОВНИК**
**за работа на Совет за развој на Скопски плански регион**

## I Општи одредби
### 1.Статус и состав на Советот

член 1

Совет за развој на Скопски плански регион е носител на политиката за поттикнување рамномерен регионален развој, кој врши усогласување и спроведување на политиките за развој на планскиот регион.

Совет за развој на Скопски плански регион (во натамошен текст: Совет) го сочинуваат градоначалниците на општините (единицие на локална самоуправа) што влегуваат во состав на планскиот регион, со право на глас и по еден претставник од здруженијата и од бизнис заедницата без право на глас.

Општини (единици на локална самоуправа) кои се во состав на Скопски плански регион се:

1. Град Скопје;
2. Општина Гази Баба;
3. Општина Аеродром;
4. Општина Бутел;
5. Општина Ѓорче Петров;
6. Општина Карпош;
7. Општина Кисела Вода;
8. Општина Сарај;
9. Општина Центар;
10. Општина Чаир;
11. Општина Шуто Оризари;
12. Општина Арачиново;
13. Општина Зелениково;
14. Општина Илинден;
15. Општина Петровец;
16. Општина Сопиште;
17. Општина Стидеништани;
18. Општина Чучер Сандево;

### 2.Надлежност на Советот

член 2

Совет за развој на Скопски плански регион ги врши следниве работи:

- ги организира и координира активностите за следење и оценување на спроведувањето на планските документи за регионален развој;
- донесува Програма за развој на планскиот регион, по претходна согласност од Советот;
- донесува Годишен Акционен план за спроведување на Програмата за развој на планскиот регион;
- утврдува годишна листа на проекти за развој на планскиот регион;
- доставува предлози до Министерство за идентификување на подрачјата со специфични развојни потреби во рамките на планскиот регион, согласно со критериумите утврдени во членот 8 од законот за рамномерен регионален развој;
- обезбедува координација на активностите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, здруженијата, државните органи и институции во рамките на регионот кои дејствуваат во областа на регионалниот развој;
- иницира разгледување на прашања поврзани со регионалниот развој за кои е неопходна

координација меѓу општините, општините во градот Скопје и градот Скопје и партнерите од приватниот и граѓанскиот сектор;
- ја промовира прекуграничната соработка со региони од други земји врз основа на заедничките интереси;
- усвојува Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Планскиот регион, најдоцна до 31 март и Извештајот за финансиско работење на Центарот (како и сметките на проектите на Центарот) и истиот го доставува до МЛС и советите на општините во планскиот регион;
- го разгледува и усвојува годишниот извештај за работа на Центар за развој на Скопски плански регион
- усвојува финансиски годишен план на Ценар за развој на Скопски плански регион;
- дава мислење по Предлог-Правилникот за систематизација на работните места во стручната служба на Центар за развој на Скопски плански регион, измените и дополнувањата;
- донесува одлука за внатрешна организација на Центар за развој на планскиот регион;
- распишува јавен оглас за Директор на Центарот за развој на Скопски плански регион, во рок од 60 дена од денот пред истекување на мандатот на Директорот на Центарот или веднаш по именување вршител на должноста директор, согласно ЗРРР
- по пат на јавен оглас, избира Директор на Центарот, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на членови
- го разрешува Директорот на Центарот за развој на Скопски плански регион и пред истек на мандат во случаеви утврдени во ЗРРР
- во случај да не е избран директор на Центарот или предвреме му престанал мандатот, именува вршител на должност Директор на Центарот се до избор на нов директор, без јавен оглас, од редот на вработените на Центарот, а најдолго шест месеци.
- распишува Јавен повик за избор на член претставник од здруженијата во рок од 30 дена од денот на конституирањето на Советот согласно закон и врши разрешување на членот претставник од здруженијата по предлог на претседателот;
- претседателот на Советот во рок од 30 дена од конституирање на Советот за развој на Скопски плански регион доставува писмено барање до репрезентативните здруженија на работодавачи за номинирање на преставник од бизнис заедницата;
- го определува бројот на вработени службеници во Центарот и нивните плати;
- врши други работи областа на регионалниот развој утврдени со закон и други работи поврзани со активностите и функционирањето на Центар за развој на пласнкиот регион и Советот.

## II КОНСТИТУИРАЊЕ НА СОВЕТОТ

### 1.Коститутивна седница

член 3

Коститутивна седница на Советот ја свикува градоначалник на општината со најголем број на жители во Скопски плански регион, во рок од 30 дена од денот на верификација на мандатите на градоначалниците

Во случај кога градоначалникот од став 1 на овој член, не ја свика конститутивната седница на Советот во определениот законски рок, Советот се конституира со мнозинство гласови од вкупниот број членови, кои може да бидат свикани од градоначалник на општина во состав на планскиот регион.

Со контитутивната седница до изборот на претседател на Советот раководи и претседава градоначалникот кој ја свикал истата.

### 2.Избор на Претседател на Советот

член 4

Претседател на Совет за развој на планскиот регион се избира од редот на градоначалници кои се членови на Советот, со мандат од една година без право на повторен избор во тековниот мандат.

Изборот на претседател на Совет се врши со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови.
Ако се предложени повеќе кандидати, за секој предлог се гласа поединечно.
Претседавачот на Советот ги повикува членовите на Советот да се изјаснат "за" предлогот, без повикување да се изјаснат "против", односно "воздржан".
Членот на Советот во постапка за избор на претседател на Своетот има право да се определи, односно да гласа "за" за само еден од кандидтатите.

Со работата на Советот раководи Претседателот на Советот, а во негово отсуство го заменува од него овластено лице од редот на членовите на Советот на општината.

Доколку во првиот круг никој д кандидатите за претседател на Советот не го добил потребното мнозинство гласови, се пристапува кон втор круг на гласање за двајцата кандидати кои во првиот круг добиле најголем број на гласови.
Ако во првиот круг повеќе кандидати добиле ист борј на гласови, заради што не може да се определат двајца кандидати што имаат најголем број на гласови, гласањето се повторува само за кандидатите што имаат ист број на гласови, со цел да се определат двајцата кандидати за кои ќе се гласа во втор круг.
Ако и по вториот круг ниту еден од двајцата кандидати не го добил потребниот број на гласови тогаш се повторува постапката за избор на претседател на Советот.

## 3.Права и должности на Претседателот

член 5

Претседател на Советот
- ги свикува и раководи со седниците на Советот;
- се грижи за организацијата и работата на Советот;
- ги потпишува одлуките и актите на Советот;
- дава иницијатива за претресување одделни прашања од делокругот на Советот;
- се грижи за примената на Деловникот;
- ги толкува одредбите на Деловникот ;
- формира Комисија за спроведување на Јавниот повик за избор на членот на Советот – претставник од здруженијата, која ја сочинуваат три членови, преставници од организационата единица надлежна за локален економски развој од општините коишто се во состав на планскиот регион.
- во рок од 30 дена од денот на конституирање на Советот доставува писмено барање до репрезентативните здруженија на работодавачи за номинирање на претставник од бизнис заедницата;
- иницира и остварува соработка и координација со претседателите на советите на други плански региони и
- врши и други работи определени со закон, Статут и со овој Деловник.

## 4.Членови на Советот без право на глас-претставник од здуженијата и претставник од бизнис заедницата

член 6

Изборот на членови на Советот без право на глас – по еден претставник од здруженијата и од бизнис заедницата се врши согласно Законот за рамномерен регионален развој.

член 7

Од денот на конституирање Советот за развој во рок од 30 дена распишува јавен повик за избор на член претставник од здружението, кој го објавува во два печатени медиуми од кои еден на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот и во два локални или регионални медиуми како и на веб страната на Центар за развој на планскиот регион.
Доколку во предвидениот рок од 30 дена од денот на конституирањето на Советот за развој на

планскиот регион не распише јавен повик за избор на член, претставник од здруженијата, јавниот повик го распишува министерот.
Јавниот повик содржи основни критериуми за избор на член-претставник од здруженијата и тоа:

- правните лица, апликанти да бидат регистрирани најмалку две години, со седиште и делување на подрачје на општина во состав на планскиот регион
- правните лица, апликанти согласно со Статутот на организацијата да делуваат во областа на локалниот и на регионалниот развој и
- правните лица, апликанти да имаат имплементирано најмалку два проекти од областа на локалниот и регионалниот развој.

член 8

На членот – претставник од здруженијата мандатот од 4 (четири) години му престанува во случаите утврдени со Законот за рамномерен регионален развој.

Членот – претставник од здруженијата може да биде разрешен и пред завршување на мандатот на начин и во случаите утврдени со Законот за рамномерен регионален развој и тоа ако:

- тоа сам го побара,
- со разрешување од Советот на предлог на претседателот на Советот со двотретинско мнозинство,
- е осуден со правосилна судска пресуда за кривична дело на безусловна казна затвор од најмалку шест месеци,
- не учествува во работата на Советот, три седници последователно или
- ако тоа го побараат здруженијата коишто го избрале со мнозинство на гласови.

член 9

Претседателот на Советот во рок од 30 дена од конституирање на Советот за развој на планскиот регион доставува писмено барање до репрезентативните здруженија на работодавачи за номинирање на преставник од бизнис заедницата;

## III ПРАВА И ДОЛЖНОСТИ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ

член 10

Членот на Советот ги остварува правата и должностите утврдени со законот и овој деловник.

Членот на Советот има право и должност да присуствува на Седниците на Советот и да учествува во работата и одлучувањето.

Во случај на отсуство на членот на Советот на седниците на Советот, го заменува од него овластено лице од редот на членовите на Советот на општината чиј градоначалник е членот на Советот.

## IV. СЕДНИЦИ НА СОВЕТ НА ПЛАНСКИОТ РЕГИОН

### 1.Свикување на седници

член 11

Советот се состанува по потреба, а одржува најмалку 4 (четири) Седници во годината.

член 12

Седница на советот свикува Претседателот на Советот или по барање на најмалку 1/3 од членовите на Советот,најдоцна во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето, според писмено образложение од страна на предлагачите за потребата од свикување на седницата на Советот.
Доколку во рокот определен во став (2) на овој член, петседателот на советот не ја свика по барање на членовите на советот, сединицата може да ја свикаат подносителите на барањето, а со седницата раководи претседател што ќе го избере Советот за таа седница.

член 13

До изборот на претседател, советот го свикува и со него раководи и претседава најстариот член на советот, со исклучок на конститутивната седница чие свикување, раководење и претседавање со истата е уредено во член 3 од овој деловник.

Ако најстариот член на Советот е спречен или отсутен и не може да ја свика и/или раководи со седницата, до изборот на претседател, седницата ја свикува и/или со истата раководи и претседава следниот најстар член на Советот.

член 14

Седница на Советот се свикува најмалку 7 дена пред оддржувањето,со покана која се испраќа до сите членови на Советот, а може и во пократок рок доколку се однесува за итност на прашањето.

За итноста на прашањето одлучува Претседателот или предлагачите за свикување на итна седница на Советот.

Претседателот на советот, по потреба може да свика и раководи со седница на Советот и со употреба на комуникациски средства (телефон или конференциска врска со употреба на интернет комуникација и софтверски алатки).

член 15

Советот по правило одржува седници во седиштето на најголемата по број на жители општина во Скопски плански регион или во општината од каде е избран претседателот на Советот.

Седниците на Советот може да се одржуваат и во другите општини во Скопски плански регион и надвор од Скопски плански регион.

Седниците на Советот започнуваат во закажаното време и на закажаното место за одржување на седницата.

За присуството на седницата на Советот се води евиденција.

**2.Претседавање и учество**

член 16

Со работата на Советот раководи Претседателот на Советот, а во случај на негово отсуство на седниците на Советот, го заменува од него овластено лице од редот на членовите на Советот на општината чиј градоначалник е Претседателот.

**3.Јавност**

член 17

Седниците на Советот по правило се јавни, но со посебна Одлука можат да се прогласат за затворени. За затворена не може да се прогласи онаа Седница на која се разправа за финансиското работење на Советот и Центар за развој на планскиот регион. На Седниците на Советот може да присуствуваат други претставници на организации, институции, јавни работници и други.

Во работата на Седница на Советот, без право на одлучување, можат да учествуваат и стручни лица од областа на регионалниот развој, претседателите на советите на општини, општините во градот Скопје и градот Скопје како и претставници од националните институции и донаторските организации.

На Седниците на Советот може да присуствуваат и други претставници на организации, институции, претставници од стопански комори, синдикати, здруженија на граѓани и други релевантни фактори од приватниот и граѓанскиот сектор и др.

**4.Процедурални одредби**

член 18

Седниците започнуваат со усвојување на Записник од претходната седница, потоа се утврдува

Дневен ред, чиј предлог на членовите им се доставува во писмена форма (пошта, електронски, лично на рака), со поканата за свикување на седницата на Советот.

Некои точки од предлогот на дневен ред може да бидат објавени и однапред на последната одржана седница.
Проширувањето на дневен ред може да се врши и пред негово усвојување, по барање на некој член или според укажана потреба.
Усвојувањето на дневниот ред се врши со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.

член 19

Редовните точки на Дневниот ред се: Усвојување на записникот од претходната седница и информации за настаните и активностите, во период помеѓу последната седница на Советот и тековната седнциа на Советот.

член 20

За текот на седницата се води записник. Записникот и евиденцијата на присуство ги води стручно лице од Центарот за развој на Скопски плански регион.

член 21

Барањето за збор се регистира по редот на пријавување.

член 22

Известувањето по точките поставени на Дневен ред може да трае се додека постои интерес за дискусија по одредена тема, од страна на членовите на Советот. Претседателот на Советот може да го одземе правото на дискусија по тема или точка на дневен ред, на членот на Советот кој го повредува редот на седницата на Советот или не се придржува до Деловникот за работа на Советот.

**6.Одлучување**

член 23

Советот работи, одлучува и донесува акти со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Советот.

член 24

Советот одлучува и донесува акти со 2/3 мнозинство гласови утврдено со Закон и Деловник и тоа за:

- избор на директор-од вкупен број на членови,
- разрешување на директор –од членови со право на глас,
- разрешување на член претставник на здруженинијата-2/3 мнозинство

член 25

Главната цел на одлуката, чие донесување е на дневен ред со искажува со јасна формулација, а потоа се пристапува кон нејзино донесување.

Донесената одлука ја потврдува Претседателот на Советот со свој потпис на текстот на одлуката, а стапувањето во сила на одлуката, како и на сите други акти на Советот, се врши наредниот ден, освен одлуките донесени на конститутивната Седница на Советот кои стапуваат во сила со денот на нивното донесување.

член 26

Покрај главната одредба, одлуката треба да ги содржи и имињата на извршителите и другите важни елементи за нејзино извршување, рокови, средства и др.

Извршувањето или придржувањето кон одлуката е обврска на секој член на Советот.

Непосредните извршители, определени според донесената одлука, редовно го информираат

Советот и Претседателот за нејзино извршување.

## V.РАБОТНИ ТЕЛА

член 27

Советот може да донесе одлука за формирање на работни тела, работни групи и комисии со определен состав, мандат, надлежности и обврски.

Со одлуката од ставот 1 на овој член се определува составот и надлежностите на работните тела, работни групи и комисии.
Членови на работните тела, работни групи и комисии, покрај членовите на Советот, може да бидат и останати лица кои имаат познавање од регионалниот развој.

Со работните тела, работни групи и комисии претседава и раководи претседател на работно тело, работната група или комисија, кој се избира од редот на членовите на работното тело, работната група или комисија, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови во работното тело, работната група или комисија.

Работата на работните тела, работните групи и комисии ја координира Претседателот на Советот или по негово овластување може и друг член на Советот.

Работните тела, работните групи и комисии доставуваат извештај за нивната работа до Советот.

## VI. ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ НА СКОПСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН

член 28

Стручните и административно-техничките работи за Советот ги врши Центарот за развој на Скопски плански регион.

Центарот за развој на Скопски плански регион ја води архивата на Советот.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

член 29

Се што не е уредено со овој Деловник, Советот го регулира со посебна одлука која гласи: **ДЕЛОВНИЧКА ОДЛУКА.**

член 30

Одредбите од овој Деловник кои се однесуваат на членовите на Советот без право на глас – по еден претставник од здруженијата и од бизнис заедницата ќе започнат да се применуваат по одржувањето на првите наредни локални избори.

член 31

Овој Деловник влегува во сила осум дена по неговото донесување.
Со донесување на овој Деловник престанува да важи Деловникот од 29.11.2007год.

Совет за развој на
Скопски плански регион,
Претседател,
Борис Георгиевски

---------------------------
(потпис)

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * Центар за развој на Скопски плански регион * СКОПЈЕ

Број __________
Дата ______________